## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Биопротект е биостимулатор кој може да се користи за органско и за конвенционално земјоделско производство, за сите земјоделски култури во градинарството, овоштарството и во лозарството, како и во шумарството. Поради високата содржина на парафин Биопротект, може да се користи и како заштитно средство, за заштита од штетници во овоштарството (јаболчесто и коскесто овошје), лозарството, цвеќарството, градинарството и во шумарството. Биопротект има брзо и продолжено дејство, наменето за фенофазите на мирување на земјоделските култури.

| **СОСТАВ** | |
|---|---|
| Органска материја | најмалку 40,0 % |
| Рафинирано минерално масло | најмалку 95,0 % w/w |
| pH (1% раствор) | 5-7 |
| Густина (20°C) g/ml | 0,845-0,875 |
| Индекс на рефракција | 1,450-1,480 |
| Микроелементи во трагови (Cu, Fe, Mn, Zn) | |

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**За зимско аплицирање** - За третирање во овоштарството и во лозарството (период на мирување на земјоделските култури), Биопротект се подготвува во концентрација од 2-3% односно 2 до 3 литри Биопротект се раствораат во 100 литри вода.

**За летно аплицирање** - За третирање во овоштарството, Биопротект се подготвува во концентрација од 0,3-0,5% односно 0,3 до 0,5 литри Биопротект се раствораат во 100 литри вода.

## ПРИПРЕМА ЗА АПЛИКАЦИЈА

Биостимулаторот се аплицира со стандардна опрема за третирање во земјоделството. Во помал сад се прави емулзија (точно одмерено количество од концентратот со исто количество вода), добро се меша. Резервоарот на прскалката се полни до 2/3 со вода. Се додава емулзијата и потоа се дополнува со вода.

## ОГРАНИЧУВАЊА

Зимското третирање да се изведува само кога температурата е над +5°C.
Летното третирање да не биде во најтоплиот период од денот.
Третирање од авион не е дозволено.

## КАРЕНЦА

За зимските третирања каренцата е обезбедена со времето на апликација, а за летните третирања е 21 ден.

## ПОДАТОЦИ ЗА ОПАСНОСТ

Сигнален збор
ОПАСНОСТ

Пиктограми



Изјави за опасност
H304 Може да биде фатално, ако се проголта или навлезе во дишните патишта.
H400 Многу токсично за водените организми.

Изјави за предупредување
P273 Не дозволувајте излевање во околината.
P301+P310 ДОКОЛКУ СЕ ПРОГОЛТА: Веднаш јавете се во ТОКСИКОЛОШКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР или повикајте лекар.
P331 НЕ предизвикувајте повраќање.
P391 Соберете во случај на излевање. Опасно за водената средина.
P501 Со остатоците од препаратот и/или амбалажата постапете согласно локалните регулативи за третман на индустриски отпад.

## МЕРКИ ЗА ПРВА ПОМОШ

Биопротект може да предизвика слабо надразнување на носот, кожата, очите и грлото, пропратено со суво кашлање, главоболка и премаленост. При вдишување на високо концентрирани испарувања, потребен е свеж воздух, а во случај на престанок на дишењето дајте вештачко дишење. При контакт со кожата - веднаш измијте ја со многу сапун и вода, отстранете ја контаминираната облека. При контакт со очите - веднаш исплакнете ги со многу вода, плакнете подолго време. Во случај на проголтување - НЕ предизвикувајте повраќање. При интензивирање на симптомите побарајте помош/совет од лекар и приложете го упатството за употреба.

## ФИТОТОКСИЧНОСТ

Биопротект не е фитотоксичен доколку се употребува согласно приложеното упатство.

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

При третирање со Биопротект треба да се почитуваат водозаштитните зони. Не дозволувајте Биопротект или остатоци од него, да дојдат во контакт и да ја контаминираат површинска вода (извори, бунари, реки, езера) или одводниот систем. Постапката на третирање треба да се изведува на оддалеченост од најмалку 20 метри.

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

**СКЛАДИРАЊЕ**

**Трајност:** Биопротект се складира во оригиналната амбалажа, во посебна просторија, на суво и проветрено место, при температура од +5°C, одвоено од храна, пијалаци и сточна храна, вон досег на деца. Не складирајте го Биопротект во близина на топлина, искри, отворен оган и силни оксидативни средства.

**ПОСТАПКА СО АМБАЛАЖАТА**

Со празната амбалажа и остатоците постапете согласно локалните регулативи за третман на индустриски отпад. Не ја сечете, бушете или палете празната PE амбалажа, освен ако не е добро испрана и означена како чиста и безбедна.

Рок на употреба: 3 години